РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 04-10396/3 од 06. 12. 2018 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 и член 49 од Законот за Административни службеници ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ) и Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријава за унапредување , начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен инерниот оглас (Службен весник на РМ бр.11/15 и бр.35/18 ) како и Правилникот за систематизација на работни места во Општина Кисела Вода бр.08-5688/1 од 11.07.2016 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Кисела Вода ( бр.04-665/1 од 26.01.2017 година, бр.04-1432/1 од 14.02.2017 година, бр.04-3660/1 од 10.05.2017 година, бр.04-1108/1 од 02.02.2018 година бр.08-2724/1 од 21.03.2018 година04-10097/1 од 26.11.2018 година), Општина Кисела Вода, објавува

## **И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С бр.07/2018**
## **за пополнување на работно место со унапредување**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следново работно место:

1. **Пмлад соработник за евидентирање на финансиски документи во одделението за сметководство и плаќање во Секторот за финансиски прашања - 1 извршител**

   Посебни услови

   1. Помлад соработник за евидентирање на финансиски документи - 1 извршител

   **а) стручни кфалификации** – ниво В04 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и тоа: економски науки или организациони науки и управување ( менаџмент)

   **б) работно искуство** :

   - со или без работно искуство работно искуство во струката.

   **В) потребни општи работни компетенции** на средно ниво:

   - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
   - учење и развој;
   - комуникација;
   - остварување резултати;
   - работење со други/тимска работа;
   - стратешка свест;
   - ориентираност кон странките/засегнати страни;
   - финансиско управување

**Г) потребни посебни работни компетенции** и тоа:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на европската унија ( англиски, француси и германски )

Кандидатите кои аплицираат на Интерниот Оглас треба да ги исполнуваат следниве општи услови:

- Да е државјанин на Република Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здраствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

На интерниот оглас да се јави административен службеник , вработен во истата институција , кој ги иполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво во овој закон и актот за ситематизација, како и :

- да е оценет со оценка ,,А,, или ,, Б,, при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работнот место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последнта година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рок за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас .
Пополнеата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Општина Кисела Вода, до секторот за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, како и до службентата електоронска адреса coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk.

Дневно работно време од 08.30 до 16.30 часот
Работни денови : Понеделник – Петок
Неделно работно време : 40 часа
Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за завање на работнот место Помлад соработник изнесува 18.787,00 денари.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на рзгледување .

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одоговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Изработил:
Помош раководител на сектор

Секретар
на Општина Кисела Вода
Александар Алексовски

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА